Н А Ц Р Т

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 13 мај 2025 година**

**Скопје, мај 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 13 мај 2025 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,  проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, доц. д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и м-р Димитар Димовски, секретар за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, Ванче Маневски, директор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес и Максим Ацевски, главен државен ревизор.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 април 2025 година

1. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Плати и додатоци на плати на административни службеници во Република Северна Македонија“

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства за сопствени приходи (531)) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија (Сметка за средства од Фондот (737))

3. Предлог - уредба за посебните услови, начинот и постапката за добивање одобрение за летање на цивилни и државни воздухоплови

4. Информација за План на активности за акумулацијата Младост со финансиска конструкција за негова реализација

5. Информација за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и унишување на отпад, со Предлог-одлука

6. Информација за утврдување на бодот за пресметување на платите на вработените на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала  Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, со Предлог – одлука

7. Информација во врска со Предлог Анекс-договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх.бр.09-540/1 од 1.4.2021 година, солемнизиран кај нотар Ана Брашнарска од Скопје под ОДУ бр.354/21, на 1.4.2021 година, склучен помеѓу Република Северна Македонија–Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО-Илинден како закупопримач, со предлог-одлуки

8. Информација за Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 1“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 2“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 3“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 3“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Штип“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Струга“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Струмица“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Берово“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Виница“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Делчево“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците

на ТИРЗ „Делчево“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Кичево“ во опфат 1 и 2 на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево“ во опфат 1 и 2, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Радовиш“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Прилеп“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Гевгелија“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија“ и Тарифник за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошка индустриска развојна зона, со предлог-одлуки

9. Информација за раскинување на Договорот за доделување на државна помош, склучен со Друштвото за производство, трговија, промет и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO. MOBILE ДООЕЛ увоз- извоз Тетово и НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ СЕ (Next.e.GO Mobile SE) бр.13-1151/1 од 15.8.2022 година и за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO. MOBILE ДООЕЛ увоз- извоз Тетово, со бр.13-1151/1 од 15.8.2022 година, со предлог-одлуки

10. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје
11. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје, со Предлог-одлука

12. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија

13. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 23 април 2025 година до 29 април 2025 година

14. Предлог на закон за изменување на Законот за волонтерството

15. Информација за начинот на исплата на придонеси на заштитните друштва по основ поврат на платени придонеси

16. Информација во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.353 Зрновска Река на концесионерот ЕКО ТЕРА ДОО Скопје

17. Информација во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани

18. Информација во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.407 Пена од концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ Скопје

19. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство на електрични мотори, генератори и трансформатори Макител ДООЕЛ с.Ново село Дебарца, како корисник на финансиска поддршка, со Предлог-одлука

20. Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало АГНЕСА Газмен ДООЕЛ увоз-извоз Битола, како корисник на финансиска поддршка

21. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје

22. Информација за првосилноста на пресуда на Европскиот суд за човекови права во предметот НДИ СОПОТ против Република Северна Македонија, А.бр. 6035/17, со Предлог – одлука

23. Информација за определување набљудувач и заменик набљудувач во Управниот одбор на Европската агенција за фундаментални права

24. Информација за потребата од потпишување на Предлог цена на чинење на услуги меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации, разузнавање, набљудување и извидување, со прилог Предлог цени

25. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „SILL 25“, во Република Естонија

26. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Immediate Response 25“, во Република Грција, Црна Гора и Република Косово

27. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „LAUFER 25“ во Република Хрватска

28. Предлог-одлука за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје во студиската учебна 2025/2026 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

29. Предлог-одлука за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии „Специјализација за командни и штабни должности“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, во студиската учебна 2025/2026 година

30. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (објекти на ул. „Јазик“, Имотен лист бр.92663)

31. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (објекти на ул. „Војни објект“, на КП бр.1/1, КО Мралино)

32. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи (КО Центар 2)

33. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи (КО Бутел)

34. Информација за измена на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на

Министерството за здравство за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот април 2025 – април 2027 година, за потребите на населението на Република Северна Македонија

35. Информација за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2025 година

36. Информација за потпишување Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за спорт на Република Северна Македонија и Министерството за спорт и млади на Црна Гора во областа на спортот, со усогласен текст на Меморандум

37. Информација за одржаната Трета седница на Националниот совет за развој

38. Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2025 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

39. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2025 година

40. Предлог-одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија

41. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

42. Предлог на закон за дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

43. Предлог на закон за дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Моника Зајкова

44. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на потрошувачите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

45. Барање за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/23), поднесено од пратеникот Скендер Реџепи

46. Програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година

47. Иницијатива од Ерол Абдулаи и Александра Палашевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.21/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/2024)

48. Иницијатива од Ерол Абдулаи и Александра Палашевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.21/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/24)

49. Иницијатива од Павле Трајанов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.107/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на автентичното толкување на членот 1 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/02), објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/11)

50. Иницијатива од Александар Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.18/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 175 став (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24)

51. Иницијатива од Манчо Манчев од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 4 во делот: „без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеци" од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19)

52. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.33/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на на член 4 став 3 во делот „буџетскиот корисник од прва линија“ и член 7 став 3 во деловите „втора линија буџетски корисници“ и „буџетскиот корисник од прва линија" од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/15, 44/15 и 44/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25)

53. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.162/2023 и У.бр.163/2023 од 12 февруари 2025 година за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/2023), со Издвоено мислење

54. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.137/2017 од 25 септември 2024 година за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 176, 177 и 178 од Законот за електронските комуникации

55. Понуда од нотар Александра Петровска Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.268 за КО Кравари, на КП бр.405/1, викано место/улица „Село“

56. Понуда од нотар Симон Зафироски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.196935, за КО Драчево 2, на КП бр.10062/1, викано место/улица „Речиште“

57. Кадровски прашања

58. Прашања и предлози

59. Годишен извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведувањето на одредбите од Законот за административни службеници, како и на прописите донесени врз основа на Законот во 2024 година

60. Информација за полугодишен извештај за реализација на годишните планови за вработување за 2024 година за период јули – декември 2024 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор

61. Годишен извештај за работа на Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2024 година

62. Информација за здравствена состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2024 година

63. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за периодот од 1 април 2024 година до 30 јуни, со дополнување

64. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за периодот од 1 јули 2024 година до 30 септември 2024 година

65. Извештај за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за периодот од 1 јули 2024 година до 31 декември 2024 година

66. Извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година

67. Информација во врска со задолжението од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2024 година, за разгледување на опции за изнаоѓање на оптимално решение за избор на варијанта за изведба на Делница 2: Гостивар – Букојчани

68. Информација од Претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за постапување по заклучок на Владата на Република Северна Македонија за избор на меѓународна адвокатска канцеларија со експертиза во услуги за правна поддршка при имплементација на договори склучени согласно со FIDIC условите (ФИДИК договори) и меѓународна арбитража, вклучувајќи ICC комерцијална арбитража

69. Информација за Програмски документ за Република Северна Македонија на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) (2026-2030), со Програмски документ за Република Северна Македонија (2026-2030)

70. Информација за спроведување на централизирана набавка на системи за напредна заштита

71. Информација со предлог за избор на печатени медиуми кои ги исполнуваат условите од Законот за медиуми за добивање финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми и Извештај за спроведена постапка за избор на печатени медиуми корисници на финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми за 2025 година, со Предлог-одлука

72. Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Burstock Ltd

*

*       *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 април 2025 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Плати и додатоци на плати на административни службеници во Република Северна Македонија“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за јавна администрација и Министерството за финансии, да подготват акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 2**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија (Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства за сопствени приходи (531)) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија (Сметка за средства од Фондот (737)), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од конечните извештаи и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 3**

Владата ја донесе Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање одобрение за летање на цивилни и државни воздухоплови.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за План на активности за акумулацијата Младост со финансиска конструкција за негова реализација, за втората наредна седница на Владата, поради потребата директорот на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес да одржи состанок со Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, со цел изнаоѓање на решение на проблемот со акумулацијата Младост, а Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги обезбеди потребните финансиски средства, во износ од шест милиони денари за реализација на планираните активности.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и унишување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 6**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за утврдување на бодот за пресметување на платите на вработените на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала  Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, со Предлог – одлука.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог Анекс-договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен под арх.бр.09-540/1 од 1.4.2021 година, солемнизиран кај нотар Ана Брашнарска од Скопје под ОДУ бр.354/21, на 1.4.2021 година, склучен помеѓу Република Северна Македонија–Влада на Република Северна Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО-Илинден како закупопримач, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината.

2. Одлуката за давање на согласност на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Северна Македонија–Влада на Република Северна Македонија, како основач на Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како закуподавач и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден како закупопримач, заведен кај закуподавачот под бр.09-540/1 од 1.4.2021 година.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 1" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1", Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 2" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2", Тарифник на основачот на ТИРЗ „Скопје 3" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 3", Тарифник на основачот на ТИРЗ „Штип" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип", Тарифник на основачот на ТИРЗ „Струга" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга", Тарифник на основачот на ТИРЗ „Струмица" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица", Тарифник на основачот на ТИРЗ „Берово" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово", Тарифник на основачот на ТИРЗ „Виница" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница", Тарифник на основачот на ТИРЗ „Делчево" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Делчево", Тарифник на основачот на ТИРЗ „Кичево" во опфат 1 и 2 на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево" во опфат

1 и 2, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Радовиш“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Прилеп“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп“, Тарифник на основачот на ТИРЗ „Гевгелија“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија“ и Тарифник за надоместоци за извршени услуги на корисник на технолошка индустриска развојна зона, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1“.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2“.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 3” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 3“.

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Штип” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип“.

5. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струга” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга“.

6. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струмица” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица“.

7. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Берово” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово“.

8. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Виница” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница“.

9. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Делчево” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Делчево“.

10. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Кичево” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево“ во опфат 1 и 2.

11. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Радовиш” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш“.

12. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Прилеп” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп“.

13. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Гевгелија” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија“.
14. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Тарифникот за надоместоци за извршени услуги на корисник на Технолошка индустриска развојна зона.

## <u>Точка 9</u>

Владата ја разгледа Информацијата за раскинување на Договорот за доделување на државна помош, склучен со Друштвото за производство, трговија, промет и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ,

NEXT.E.GO. MOBILE ДООЕЛ увоз- извоз Тетово и НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ СЕ (Next.e.GO Mobile SE) бр.13-1151/1 од 15.8.2022 година и за престанување на важењето на Одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO. MOBILE ДООЕЛ увоз- извоз Тетово, со бр.13-1151/1 од 15.8.2022 година, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за доделување на државна помош, склучен со Друштвото за производство, трговија, промет и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово и НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ СЕ (NEXT.E.GO MOBILE SE) бр.13-1151/1 од 15.8.2022 година.

2. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO. MOBILE ДООЕЛ увоз- извоз Тетово, со бр.13-1151/1 од 15.8.2022 година.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

**<u>Точка 11</u>**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје.

**<u>Точка 12</u>**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија.

Истовремено потребно е предметната точка да не става на Дневен ред додека не се добие согласност од Министерството за транспорт.

**<u>Точка 13</u>**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 23 април 2025 година до 29 април 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 14</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за волонтерството, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на исплата на придонеси на заштитните друштва по основ поврат на платени придонеси, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии со измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, средствата планирани во Раздел 10001–Министерство за економија и труд во износ од 242.264.000 денари, кои се наменети за исплата кон заштитни друштва по основ на поврат на платени придонеси да ги прераспредели во Министерството за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 50-Надоместоци за социјална заштита, Ставка 464-Разни трансфери.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.353 Зрновска Река на концесионерот ЕКО ТЕРА ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.353 Зрновска Река на концесионерот ЕКО ТЕРА ДОО Скопје до 20.7.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ЕКО ТЕРА ДОО Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр. 353 Зрновска Река.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани и ја усвои следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр. 349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани, до 5.9.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр. 349 Блатечка Река.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр.349 Блатечка река, најмалку до 5.10.2025 година.

4. Се препорачува на Општина Виница да постапи по Решението од Вишиот управен суд УП1 бр.03-230/5 од 17.10.2023 година, со кое жалбата на тужителот Општина Виница против Решението на Управниот суд У-3 бр.87/2023 од 8.3.2023, се одбива како неоснована и да му овозможи на концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Кочани да врши градежни активности за изградба на малата хидроелектрична централа на локација бр.349 Блатечка Река.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за МХЕЦ бр.407 Пена од концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на разумниот рок за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.407 Пена на концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје до 15.6.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје дека за локацијата бр.407 Пена, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија, му се продолжува разумниот рок до 15.6.2025 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да побара од концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје да ја продолжи банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 407 Пена најмалку до 15.7.2025 година.

4. Се задолжува Министерството за транспорт да постапи по барањето на концесионерот ЦММ Енерѓи ДООЕЛ Скопје за долготраен закуп на земјиште за МХЕЦ бр.407 Пена, доставено од Општина Тетово.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство на електрични мотори, генератори и трансформатори Макител ДООЕЛ с.Ново село Дебарца, како корисник на финансиска поддршка, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство на електрични мотори, генератори и трансформатори Макител ДООЕЛ с.Ново село Дебарца, како корисник на финансиска поддршка, бр. 02-7381/1 од 15.8.2024 година.

2. Се овластува Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во име на Владата да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство на електрични мотори, генератори и трансформатори Макител ДООЕЛ с.Ново село Дебарца, како корисник на финансиска поддршка, бр. 02-7381/1 од 15.8.2024 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало АГНЕСА Газмен ДООЕЛ увоз-извоз Битола, како корисник на финансиска поддршка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало АГНЕСА Газмен ДООЕЛ увоз-извоз Битола, како корисник на финансиска поддршка, бр.02-7535/1 од 19.8.2025 година.

2. Се овластува Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало АГНЕСА Газмен ДООЕЛ увоз-извоз Битола, како корисник на финансиска поддршка, бр. 02-7535/1 од 19.8.2024 година.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за првосилноста на пресуда на Европскиот суд за човекови права во предметот НДИ СОПОТ против Република Северна Македонија, А.бр. 6035/17, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (во вкупен износ од 18.600 евра во денарска противвредност), најдоцна до 15 мај 2025 година.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за определување набљудувач и заменик набљудувач во Управниот одбор на Европската агенција за фундаментални права и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги определи м-р Славица Димитриевска за набљудувач и м-р Жарко Хаџи-Зафиров за заменик набљудувач во Управниот одбор на Европската агенција за фундаментални права.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во рок од седум дена, да ја извести Европската агенција за фундаментални права за новоименуваните набљудувач и заменик набљудувач.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Предлог цена на чинење на услуги меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за одбрана и НАТО Организацијата за комуникации и информации претставувана од НАТО Агенцијата за комуникации и информации во врска со консултација, команда, контрола, комуникации,

разузнавање, набљудување и извидување, со прилог Предлог цени и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги прифати Предлог цената на чинење за НАКИ проектот „Северна Македонија МНР – 6 работни станици и 1 ВТК“ и Предлог цената на чинење за НАКИ Проектот „Сервис за печатење/скенирање/копирање во Магелан информатичката мрежа“.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа кои се вклучени во сервисните пакети да ги плаќаат соодветно своите обврски кон Министерството за одбрана.

3. Се овластува Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана да ги потпише Предлог цената на чинење за НАКИ проектот „Северна Македонија МНР – 6 работни станици и 1 ВТК“ и Предлог цената на чинење за НАКИ Проектот „Сервис за печатење/скенирање/копирање во Магелан информатичката мрежа“.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „SILL 25“, во Република Естонија.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Immediate Response 25“, во Република Грција, Црна Гора и Република Косово.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „LAUFER 25“ во Република Хрватска.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје во студиската учебна 2025/2026 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за определување на бројот на кандидати кои се запишуваат на Стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии „Специјализација за командни и штабни должности“ на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, во студиската учебна 2025/2026 година.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (објекти на ул. „Јазик“, Имотен лист бр.92663).

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана (објекти на ул. „Војни објект“, на КП бр.1/1, КО Мралино).

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи (КО Центар 2).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за внатрешни работи (КО Бутел).

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот април 2025 – април 2027 година, за потребите на населението на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од Буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните април 2025, 2026 и до април 2027 година на Министерството за здравство, за набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот април 2025 година – април 2027 година, за потребите на населението на Република Северна Македонија, во вкупна вредност од 2.319.311.828,00 денари со вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

- 860.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, во 2025 година
- 1.000.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, во 2026 година и
- 459.311.828,00 денари со вклучен ДДВ, во 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од пет дена, да донесе програма за седумдневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезона лето 2025 година и процедура за реализација на проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на летниот распуст.

2. Се задолжува министерот за социјална политика, демографија и млади, во рок од седум дена, да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да објави повик на веб- страницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади и во центрите за социјална работа, во мај 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од пет дена по објавување на јавниот повик, да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземаат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за спорт на Република Северна Македонија и Министерството за спорт и млади на Црна Гора во областа на спортот, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за спорт на Република Северна Македонија и Министерството за спорт и млади на Црна Гора во областа на спортот.

2. Се овластува Борко Ристовски, министер за спорт да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за спорт на Република Северна Македонија и Министерството за спорт и млади на Црна Гора во областа на спортот.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаната Трета седница на Националниот совет за развој и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Министерството за економија и труд, Министерството за правда, Министерството за транспорт, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за јавна администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија Инфраструктура – Скопје, АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од седум работни дена, да достави материјали во нивна надлежност, коишто произлегле од состаноците на Работниот комитет на Националната развојна стратегија.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да изготви Стратегија за интеграција на бегалци и странци за период 2025-2030 и до 31.12.2025 година да ја информира Владата.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да започне процес за воспоставување на Меѓу-институционално тело за интеграција на бегалци и странци со цел воспоставување на механизам за имплементација, мониторинг и евалуација на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци за периодот 2025-2030 и до 31.12.2025 година да ја информира Владата.

4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичен број и до 31.12.2025 година да го достави до Владата.

5. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за меѓународна и привремена заштита (*) и до 31.12.2025 година да ја информира Владата.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за странци (*) и до 31.12.2025 година да ја информира Владата.

7. Се задолжува Министерството за економија и труд да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци и до 31.12.2025 година да го достави до Владата.

8. Се задолжува Министерството за здравство да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување и до 31.12.2025 година да го достави до Владата.

9. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за здравство да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и до 31.12.2025 година да го достави до Владата.

10. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе активности во рамки на постоечките надлежности и работни задачи на ангажираните тутори и образовни медијатори, да продолжи со унапредување на нивната улога во обезбедувањето на дополнителна поддршка за учениците, особено за оние кои имаат потешкотии во учењето, се соочуваат со социјални предизвици или потекнуваат од маргинализирани заедници, вклучително и ученици повратници и до 31.12.2025 година да ја информира Владата.

11. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе активности за давање поддршка за изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо за странци во рамки на регионалните центри за стручно образование и обука, а во Скопскиот плански регион, Министерството за образование и наука во координација со Градот Скопје, врз основа на расположливиот наставен кадар да определи средно училиште на Градот Скопје за таа цел и до 31.12.2025 година да ја информира Владата.

12. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија и до 30.6.2025 година да ја информира Владата.

13. Се задолжува Министерството за правда да изготви нов Кривичен законик на Република Северна Македонија и до 30.9.2025 година да го достави до Владата.

14. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик и до 30.9.2025 година да го достави до Владата.

15. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка и до 30.9.2025 година да го достави до Владата.

16. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците и до 30.6.2025 година да го достави до Владата.

17. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите и до 30.9.2025 година да го достави до Владата.

18. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупција и судир на интереси и до 31.12.2025 година да го достави до Владата.

19. Се задолжува Министерството за јавна администрација да изготви предлог на закон за вработени во јавен сектор, Предлог на закон за административни службеници, предлог на закон за висока раководна дејност, Предлог на закон за инспекцискиот надзор и предлог на закон за обука на административни службеници и до 31.12.2025 година да ги достави до Владата.

20. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители и до 31.12.2025 година да ги достави до Владата.

21. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за парнична постапка и до 30.9.2025 година да го достави до Владата.

22. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за заштитено пријавување и заштита на укажувачи и до 30.9.2025 година да го достави до Владата.

23. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет и до 31.12.2025 година, да го достави до Владата.

24. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот платите на судиите и на Законот за платите на јавните обвинители и до 30.6.2025 година, да ги достави до Владата.

25. Се задолжува Министерството за правда да изготви предлог на закон за управување со движењето на предметите во судовите и до 31.12.2025 година, да го достави до Владата.

26. Се задолжува Министерството за правда законски да ги уреди колективните тужби и заштитата на интересите на потрошувачите и до 30.9.2025 година, да ја информира Владата.

27. Се препорачува на Државната комисија за спречување на корупцијата донесениот план за развивање на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026 – 2030, да го достави до Владата и Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупција до 30.6.2025 година, како материјал за информирање, со цел подобра координација со органите на државната управа.

28. Се задолжува Министерството за транспорт да спроведе активности за законски измени со цел примена на современи мерки за распоредување на ИТС (Интелигентни транспортни системи) и усогласување на Законот за јавни патишта со европски директиви, што ќе овозможи побрз, побезбеден и поефикасен транспорт на луѓе и стоки и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

29. Се задолжува Министерството за транспорт во соработка со ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија Инфраструктура – Скопје, да подготви план за реализација на мерката за комплетна реконструкција и рехабилитација на пругата на Коридор 10 и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

30. Се задолжува Министерството за транспорт во соработка со ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија Инфраструктура – Скопје, да подготви план за реализација на мерката за комплетна изградба на железничкиот коридор 8 и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

31. Се укажува на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје да подготви план за реализација на мерката за обнова на железничкиот возен парк на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје со современи возни средства и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

32. Се укажува на ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија Инфраструктура – Скопје да подготви план за реализација на мерката за подготовка на физибилити студија за Градски воз - воведување на нови железнички линии за градски сообраќај во Скопје и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

33. Се задолжува Министерството за транспорт да подготви план за реализација на мерката за интегриран јавен транспорт и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

34. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да подготви план за реализација на мерката за паметни енергетски мрежи и до 31.12.2025 година да ја информира Владата.

35. Се укажува на АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје да подготви план за реализација на мерката за подготовка на планска документација за Термоенергетска постројка (ТЕП) на природен гас со двоен циклус во ЕСМ - Енергетика и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

36. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да подготви план за реализација на мерката за подготовка на документација за акумулација на енергија во резервоари и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

37. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да подготви план за реализација на мерката за Енергетска ефикасност и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

38. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да достави план за реализација на мерката за RDF/SRF од регионалните центри за управување со отпад и енергетска употреба и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

39. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје да подготви план за реализација на мерката за хидроакумулации за повеќенаменска употреба и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

40. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да подготви план за реализација на мерката за дигитализација на личните документи и личен дигитален паричник (ID digital wallet) за сите граѓани на Република Северна Македонија и деловни субјекти и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

41. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да подготви план за реализација на мерката за создавање на национална cloud-computing инфраструктура и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

42. Се задолжува Министерството за јавна администрација да подготви план за реализација на мерката за Централна платформа за обука на вработени и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

43. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви план за реализација на мерката за воведување на Регистар за возила и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

44. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви план за реализација на мерката за Мобилни единици за контрола на пат и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

45. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да достави план за реализација на мерката за Е-Режим на сообраќај и до 31.12.2025 година, да ја информира Владата.

46. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Министерството за економија и труд, Министерството за правда, Министерството за транспорт, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за дигитална трансформација, Министерство за јавна администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање, се укажува на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија Инфраструктура – Скопје, АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и се препорачува на Државната комисија за спречување на корупцијата да доставaт статус на преземени и реализирани активности согласно заклучоците од Информацијата за одржаната Трета седница на Националниот совет за развој до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (Одделение за следење на Националната развојна стратегија), најдоцна до 30.9.2025 година.

**Точка 38**

Владата на предлог на предлагач ја одложи од разгледување Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2025 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 39**

Владата на предлог на предлагач ја одложи од разгледување Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2025 година.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија.

**Точка 41**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

1. Во членот 1 од Предлогот на закон во член 2 по ставот 5 се додава нов став 6, кој се предлага да гласи: „Народниот правобранител ги врши работите на национален независен механизам за следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на лица со попреченост на Организацијата на обединетите нации (во натамошниот текст: ООН) и Факултативниот протокол и на национален известувач за активностите кои ги преземаат сите државни институции на планот на сузбивањето на трговијата со луѓе и илегална миграција.“.

2. Во членот 2 од Предлогот на закон со кој се менува член 9 се уредува престанок на функцијата и разрешување на Народниот правобранител. Притоа, во ставот 3 се упатува дека: „Во случаите од став 2 на овој член, престанок на мандатот на народниот правобранител го констатира Собранието на Република Северна Македонија.”.

Во оваа смисла се укажува дека во ставот 2 од член 9 не се уредува престанок на мандат, туку разршување на народниот правобранител. Поради тоа потребно е да се направи правно-техничко доуредување на овој член.

3. Во однос на членовите 3, 4 и 13 од Предлогот на закон Владата нема забелешки.

4. Во однос на член 6 од Предлогот на закон во кој се додава нов став 5 во член 24, се укажува дека став 1 алинеја 2 на овој член не е во согласност со член 60 став 1 алинеја 5 од Законот за полиција (Редакциски пречистен текст: „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.114/06, 148/08, 6/09, 92/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 21/18, 64/18, 294/21 и 89/22) каде се утврдува следното:
„Полицискиот службеник е овластен во присуство на одговорно лице да изврши преглед на определени објекти, простории на државни органи и институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да изврши увид во определена нивна документација, заради:
5)заради обезбедување на документација за успешно водење на кривичната постапка.”.

5. Од фискален аспект се укажува да се имаат предвид одобрените средства во буџетот на Народниот правобранител за 2025 година, имајќи предвид дека за реализација на дополнителните надлежности на Народниот правобранител кои се предмет на овој предлог на закон се предвидува формирање на посебни организациони единици во рамките на стручната

служба, како и ангажирање претставници на лицата со попреченост и на релевантни граѓански организации.

Воедно, се укажува дека согласно препораките кон Република Северна Македонија во рамки на четвртиот циклус на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ОН од 2024 година, Владата на Република Северна Македонија се обврза да направи натамошно усогласување на Законот за Народниот правобранител со принципите за национални институции за човекови права (Principles relating to the Status of National Institutions -The Paris Principles).

Поради тоа, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење, со укажување да се има предвид горе изнесеното.

**<u>Точка 42</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со оглед дека предложеното кривично дело „Кршење на законот од страна на судија" е тесно поврзано со независноста на судството, се смета дека пред негово евентуално донесување би требало да се спроведе поширока стручна дебата за наведеното прашање. Исто така, за наведенато би требало да се консултира и Венецијанската комисија, како тело во рамките на Советот на Европа, кое, меѓу другото, дава мислења за нацрт - законските текстови кои до нив се доставени.

Се укажува од потребата за подетална анализа за усогласеноста на предложеното кривично дело и со меѓународните стандарди за независност на судството, а особено со Главата „Одговорност и дисциплински постапки" од Препораката CM/REC (2010) 12 на Комитетот на министри на Советот на Европа за независност, ефикасност и одговорност на судиите и точките 52, 53 и 54 од Мислењето бр. 3 на Консултативниот совет на Европски судии (CCJE) во рамките на Советот на Европа за принципите и правилата за професионалното поведение на судиите, етика, несоодветно однесување и непристрасност.

Во врска со предложениот нов член 353-г во Кривичниот законик, се смета дека би требало да се направи дополнителна анализа за усогласеноста на наведениот член со АМАНДМАНОТ XXVII од Уставот на Република Северна Македонија во кој е утврдено дека „1. Судија не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесувањето на судските одлуки. Судија не може да биде притворен без одобрување на Судскиот совет на Република Македонија, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.“.

Со оглед на наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон за дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**<u>Точка 43</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Моника Зајкова и притоа го утврди следното мислење:

Во Предлогот на закон за дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство се предлага дополнување на член 58 став 1 точка 3, така што привремената мерка за заштита „забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува жртвата", да се дополни со обврска сторителот да носи електронска нараквица која ќе ја предупредува жртвата дека сторителот се приближува до определено место, односно е на оддалеченост помала од 100 метри од жртвата.

Владата на Република Северна Македонија, истакнува дека Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство уредува прашања од областа на граѓанско - правна материја.

Имено, со членот 1 од овој закон е дефиниран предметот и тоа за постапување на институциите со должно внимание при преземањето на мерки за превенција од родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство, постапувањето на институциите за заштита на жените од родово - базирано насилство и семејното насилство, меѓусебната координација на институциите и организациите, услугите за заштита на жртвите и собирањето на податоци за родово - базирано насилство врз жените и семејното насилство.

Со членот 2 од Законот е утврдена целта и тоа да се превенира и спречи родово - базирано насилство врз жените и семејното насилство, да се обезбеди ефективна заштита на жртвите од каков било облик на родово базирано насилство врз жени како и на жртвите на семејно насилство со почитување на основните човекови слободи и права, загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и ратификуваните меѓународните договори од оваа област.

Со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство предвидено е предлагање, изрекување, извршување и следење на итни и привремени мерки за заштита, кои имаат за цел отстранување на непосредната и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и нејзиното семејство односно запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање на ефикасни мерки кон сторителот заради елиминирање на причините за повторно вршење на насилство.

Итната и привремената мерка за заштита „забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува жртвата", од член 57 и 58 од овој закон, ја изрекува надлежен граѓански суд, а ја извршува Министерството за внатрешни работи. Спроведувањето на итната и привремените мерки за заштита ја врши полициската станица на подрачјето каде што жената жртва на родово - базирано насилство и жртвата на семејно насилство има живеалиште или престојувалиште, во соработка со надлежната организациската единица за криминалистички работи.

Согласно член 64 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, во постапките за изрекување на привремените мерки за заштита од родово базирано насилство врз жените и семејното насилство одлучува судија поединец и се применуваат одредбите на Законот за парнична постапка. Во одлуката со која се изрекува итна/привремена мерка за заштита, судот го задолжува сторителот да ја почитува судската одлука.

Согласно горенаведените наводи и правни аргументи, Владата на Република Северна Македонија по однос на предметниот Предлог на закон за дополнување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното, е на мислење дека предлогот за предвидување на обврска за сторителот на насилство да носи електронска нараквица која ќе ја предупредува жртвата дека сторителот се приближува до определено место, односно е на

оддалеченост помала од 100 метри од жртвата, нема основа да биде предмет на уредување на овој закон.

Во насока на овој предлог, Владата на Република Северна Македонија посочува да се преоцени потребата за вградување на вакво законско решение во пропис кој уредува кривично правна материја за осудени лица за кривични дела за родово – базирано насилство врз жените и семејното насилство.

## Точка 44

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на потрошувачите, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Законот за заштита на потрошувачите е најзначајниот правен акт од областа на потрошувачкото право, како генерален закон во кој детално се уредуваат правата на потрошувачите. Со овој закон се уредува заштитата на правата на потрошувачите, условите и начинот на заштитата на потрошувачите, условите за трговско работење што се од значење за заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на здруженијата на потрошувачите, како и надлежностите на органите на државната управа во однос на заштитата на потрошувачите. При тоа, примената на Законот за заштита на потрошувачите не влијае на правата што ги имаат потрошувачите врз основа на други закони. Законот за заштита на потрошувачите во најголем дел содржи обврзувачки норми што е сосема оправдано ако се има предвид фактот дека негова основна цел е заштита на правата на потрошувачите на најдобар можен начин. Карактеристично е да се напомене дека во овој закон помеѓу правата и обврските на потрошувачот и трговецот не постои еднаквост на правната положба од причина што не постои еднаквост и на нивната економска положба и положбата во поглед на степенот на информираност.

Во Законот за заштита на потрошувачите централно место зазема потрошувачот и неговите основни права усвоени од страна на Генералното собрание на ООН во 1985 година. Станува збор за осум потрошувачки права кои претставуваат основа за донесување на законска регулатива за заштита на потрошувачите во земјите на Европската Унија и во светот, а во таа смисла и во Република Северна Македонија.

Во таа насока во член 1 од Законот за заштита на потрошувачите се предвидува дека се уредуваат правата и обврските на потрошувачите и на трговците во потрошувачките односи, начините и постапките на заштита на правата на потрошувачите, информирањето на потрошувачите, унапредувањето на знаењето на потрошувачите за нивните права и начините и постапките на нивна заштита, правата и обврските на здруженијата и сојузите чија област на дејствување е остварувањето на целите на заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на надлежните органи, тела и други носители на заштитата на правата на потрошувачите, како и други прашања од значење за положбата и заштитата на правата на потрошувачите.

Понатаму, во член 2 став 1 од Законот, наведени се основни права на потрошувачите каде во точка 3 се дефинира право на информираност на потрошувачот, кое претставува располагање со точни податоци и информации што се неопходни за разумен избор на понудените стоки и услуги, односно за донесување информирана одлука.

Исто така, во ставовите 2 и 3 од истиот член се наведува дека потрошувачот не може да се откаже од неговите права утврдени со овој закон, како и дека при примена на одредбите на овој закон

мора да се земе предвид положбата на потрошувачот како економски послаба страна, а особено положбата на ранливите потрошувачи.

Со Уставниот амандман V („Службен весник на Република Македонија“ бр.91/01), изменет е членот 7 од Уставот на Република Северна Македонија. Уставните одредби содржани во членот 7 го уредуваат прашањето на службениот јазик на територија на Република Северна Македонија.

Со Уставниот амандман V, покрај македонскиот јазик е предвидено дека “друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така, е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член”. Со оваа и останатите одредби од Уставниот амандман V, Уставот предвидува уште еден службен јазик покрај македонскиот, меѓутоа како службен јазик во комуникација и општење со државата и државниот апаратус.

Во Законот за заштита на потрошувачите, согласно Уставот на Република Северна Македонија и законските прописи кои уредуваат безбедносни прашања, и член 1 од Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/19 година) и прописите на Европската Унија за информирање на потрошувачите, како и почитувајќи ги основните права на потрошувачите утврдени во законот, освен македонски јазик и кирилично писмо се уреди дека потрошувачите треба да се инфромирани и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и негово писмо, што не ја исклучува можноста за употреба и на други јазици, како и на знаци или пикторграми, што се лесно разбирливи за потрошувачот, за донесување на правилна одлука при купопраджен договор и понатамошна во употреба на купениот производ, односно за користење на услуга во насока на заштита на здравјето, животната средина и од нечесните практики на трговецот. Во Законот за заштита на потрошувачи одредени се и одредби за забрана за дискриминација (кое е усогласено со ЕУ директивите), со законските прописи на Република Северна Македонија и со Резолуцијата на ООН 39/248 од 16 април 1985 година.
Поради сето горенаведено, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлог на законот за изменување на Законот за заштита на потрошувачите, по скратена постапка предложен од група пратеници.

**<u>Точка 45</u>**

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на член 2 од Законот за дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), поднесено од пратеникот Скендер Реџепи, поради потребата Министерството за економија и труд да се усогласи и да достави обединето мислење по Барањето во соработка со Министерството за внатрешни работи.

**<u>Точка 46</u>**

Владата ја разгледа Програмата за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година и го утврди следното мислење:

Согласно член 374 став 1 и став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата до Собранието на Република Северна Македонија доставува Годишна програма за работа.

Програмата за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2025 година преставува акциски план за имплементација на предвидените мерки и активности за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Владата на Република Северна Македонија укажува во Годишната програма која ја донесува Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, а која се финансира согласно член 374 став (1) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24), да бидат планирани активности кои се однесуваат за зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку модернизација на уредите и опремата на надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи која врши контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата, во висина од 45% од вкупните средства наменети за реализација на Програмата, согласно член 374 став (2) од истиот закон, како и Годишната програма за работа за 2025 година да се дополни со соодветен Финансиски план.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Иницијативата од Ерол Абдулаи и Александра Палашевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.21/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/2024) и притоа го утврди следното мислење мислење:

Во однос на уставната Иницијатива У.бр.21/25 од 25.2.2025 година, од Ерол Абдулаи и други од Скопје, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/2024), подносителите на Иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија предлагаат да се поведе повторно постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/2024), бидејќи Законот е спротивен на член 8 став 1 алинеи 1, 3, 4, 6 и 11, член 32 став 3 и член 98 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија. Подносителите на оваа уставна Иницијатива основата за повторно оспорување на Законот пред Уставниот суд ја црпат од претходно воспоставена пракса на судот за одлучување по повторно поднесена уставна Иницијатива за ист закон (Закон за облигациони односи), но и донесена правосилна пресуда РО-370/24 од 30.10.2024 година на Основниот суд Тетово потврдена со пресуда РОЖ-731/24 од 23.1.2025 година на Апелационен суд Гостивар, по започнување на примената на Законот, во кои е утврдена точно разликата колку е намалена платата на судиите со Законот, што е показател дека со Законот е повредено граѓанското право на судиите. Исто така, подносителите на Иницијативата се повикуваат на контрадикторност при донесување на Законот, бидејќи за едно исто прашање пред законодавецот истовремено постојат различни предлози од ист предлагач: за предлогот за зголемување на платите на судиите има детално образложени причини кои го оправдуваат донесувањето на законот, а за Предлог на законот за намалување на коефициентите на платите не се изнесени детално образложени причини туку контрадикторни, што укажува на несериозноста на предлагачот и законодавецот.

Оспорениот закон е донесен од Собранието на Република Северна Македонија, врз основа на претходно поднесен директен Предлог на закон од група пратеници во Собранието, без да биде претходно проследен во владина постапка. Дополнително, по донесувањето на оспорениот Закон во Собранието, на барање на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за правда достави мислење до Владата во кое укажа дека намалувањето на коефициенти на платите на судиите доведува до ризик за спроведување на активности на Реформската агенда, во која се планирани измени на законите со кои се регулираат платите на судиите и обвинителите и кои треба да ги инкорпорираат активностите предвидени во Акцискиот план на Развојната секторска стратегија за правосудството (2024 - 2028), со цел да се подобри положбата

на судиите и обвинителите, судската и јавнообвинителската служба, во согласност со стандардите на Европската Унија.

Владата при анализа на правните прашања покренати со Иницијативата, како и фактот дека станува збор за повторно поднесување на Иницијатива за иста работа за која Уставниот суд на Република Северна Македонија веќе донел одлука, не најде дека постојат оправдани причини да даде позитивно мислење. Имено, Уставниот суд на Република Северна Македонија, по претходно поднесени уставни иницијативи со Решение У бр.122/24 и У бр.123/24 од 15.5.2024 година одлучил да не се поведе постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/2024), а ги отфрлил иницијативите со кои се бара оценување на законитоста и усогласноста на членот 2 од Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/2024), со член 2 став 2 од Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/07, 103/08, 161/08, 153/09, 67/10, 97/10, 135/11, 231/15, 248/18). Во Решението, покрај другото, Уставниот суд се повикал и на претходно донесено Решение У.бр.159/2010 од 22 септември 2010 година.

Имајќи ги предвид одредбите од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во кои е уредена Постапката за оценување на согласноста на законите со Уставот, согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите и согласноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженијата на граѓаните со Уставот, како и одредбата од членот 38 од Актот која уредува дека Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата „ако за истата работа веќе одлучувал, а нема основи“, Владата дава негативно мислење за поднесената уставна Иницијатива.

Имајќи предвид дека Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/24 од 29.2.2024 година), е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/24).

**<u>Точка 48</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Ерол Абдулаи и Александра Палашевска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.21/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/24) и го утврди следното мислење:

Подносителите на Иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија предлагаат да се поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/24), бидејќи Законот е спротивен на член 8 став (1) алинеи 1, 3, 4, 6 и 11, член 32 став (3) и член 98 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија и спротивен на одредбите од Законот за судовите и член 2 став (2) од Законот за платите на судиите.

Подносителите на оваа иницијатива основата за оспорување на законот пред Уставниот суд на Република Северна Македонија ја црпат од донесените две измени на Законот за платите на судиите во 2024 година, со кои во два наврати се врши намалување на коефициентот за утврдување на плата на судиите, како и донесена правосилна Пресуда РО-370/24 од 30.10.2024 година на Основниот суд Тетово потврдена со пресуда РОЖ-731/24 од 23.1.2025 година на Апелационен суд Гостивар, во кои е утврдена точно разликата колку е намалена платата на судиите согласно Законот.

Подносителите во Иницијативата укажуваат дека законодавецот со интервенциите и намалувањето на коефициентите предизвикале de facto намалување на платите на судиите. Подносителите на Иницијативата се повикуваат дека коефициентите на платите на судиите се утврдени со закон во 2007 година, врз основа на извршена процена за сложеноста на работата на судијата, достоинството на судијата, независноста и во интерес на спречување на надворешни влијанија врз судиите со вмешување и влијание во одлучувањето, па вака утврдените коефициенти од 2,80 до 3,70 за првпат по 17 години се намалуваат во 2024 година на 2,43 до 3,21 со Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/24 од 29.2.2024 година) и повторно намалување на коефициентот од 2,15 до 2,84 со оспорениот Закон за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/24 од 27.12.2024 година). Платите на судиите во 2024 година двапати последователно се намалуваат и достигнуваат коефициент понизок од други избрани и именувани лица кои се дел од извршната власт или законодавната власт, на пример директори на агенции или на управи, а истовремено се изедначува со платата на државни правобранители и јавните обвинители кои се странки во постапките. Според подносителите, со ова се доведуваат во прашање гаранциите за владеење на правото и независноста на судството кои се темелни вредности на Уставот на Република Северна Македонија, но и меѓународните препораки и стандарди на ЕУ, подетално цитирани во уставната иницијатива. Дополнително, подносителите укажуваат дека судиите не може да имаат ист третман со претставниците на извршната и законодавната власт, од причина што тие поминуваат специјализирана обука и вршат специфични работи во насока на заштита на правата на граѓаните, а нивниот посебен статус е исто така заштитен во повеќе домашни и меѓународни документи.

Предлагачите на Законот воопшто не изнеле аргументирани причини за потребата од нужност за намалување на коефициентот, бидејќи во државата не била утврдена кризна состојба. Исто така, подносителите во иницијативата укажуваат на поинаква судската пракса на Европскиот суд за човекови права во случајот на Апликацијата бр. 61721/19 за предметот на Кубат против Република Чешка од 22.6.2023 година, која е применлива за поднесената уставна Иницијатива и различна од цитираната на Уставниот суд во Решение У.бр.159/2010 од 22 септември 2010 година и Решението У. бр.122/24 и У бр.123/24 од 15.5.2024 година.

Од горенаведените причини, со оглед на фактот што Законот за изменување на Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/2024 од 27.12.2024 година) е донесен по предлог на пратеници, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија за оспорениот закон да побара мислење од Собранието на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 49</u>**

Владата ја симна од Дневен ред Иницијативата од Павле Трајанов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.107/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на автентичното толкување на членот 1 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/02), објавен во („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/11).

**<u>Точка 50</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Александар Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.18/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 175 став (6) од Законот за високото образование („Службен весник на

Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24) и притоа го утврди следново мислење:

Во врска со Иницијативата од Александар Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.18/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 175 став (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24), Ве известуваме дека во Член 175 став (6) од Законот за високо образование е наведено дека „Асистент се избира за време од три години, со право на уште еден избор во истото звање на иста високообразовна установа“.

Во однос на член 9 од Уставот (Начело на еднаквост) која гласи:

„Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“

Член 175 став 6 од Законот не создава нееднаков третман помеѓу лица во иста или слична правна положба. Ограничувањето за избор на асистенти не се однесува на личните карактеристики на кандидатите (пол, возраст, националност, политички убедувања и сл.), туку на природата на звањето „асистент“, кое по своја суштина е почетна академска позиција со временски ограничен мандат.

Дозволеното ограничување на бројот на избори во ова звање се заснова на разлики во академската хиерархија, а не на дискриминација меѓу лица со исти квалификации.

Во академските институции ширум светот, почетните наставни звања (како асистенти) претежно се временски ограничени, заради поттикнување на професионален развој и спречување на стагнација во образовниот систем. Бидејќи ова ограничување не се заснова на лични карактеристики, туку на академски принципи за напредок во кариерата, не може да се смета дека член 175 став 6 од Законот за високо образование го повредува член 9 од Уставот.

Во однос на член 32 од Уставот (Право на работа)

Член 32 од Уставот на Република Северна Македонија предвидува: „Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.“

Законското ограничување на бројот на избори за асистент не го загрозува правото на работа, бидејќи:

Не ја ограничува слободата на лицето да работи во високообразовни институции – по истекот на двата мандати како асистент, лицето може да аплицира за други академски позиции, како доцент, или пак да конкурира на други универзитети.

Асистентското звање е привремена позиција – во академските институции, звањето „асистент“ се смета за преодна фаза кон повисоки наставни и научни позиции (доцент, вонреден и редовен

професор). Оваа одредба не го ограничува пристапот до повисоки звања, туку спречува бесконечно задржување на почетна позиција без напредок.

Овој став ја поттикнува Академската мобилност и развојот на високото образование и спречува ситуација во која едно лице би останало асистент на неодредено време, што би можело да резултира со застој во развојот на академскиот кадар.

Овој став не го спречува правото на работа, туку поставува временска рамка за почетната фаза на академската кариера, со што поттикнува понатамошен професионален развој.

Законската одредба не е произволна, бидејќи има легитимна цел, и не е диспропорционална, бидејќи лицата по истекот на мандатот имаат можност за напредување во академската кариера.

Член 175 став 6 не создава дискриминација според член 9 од Уставот, бидејќи критериумот за ограничување не е личен, туку функционален (академска мобилност). Член 175 став 6 не го крши правото на работа според член 32 од Уставот, бидејќи не забранува вработување, туку ја уредува академската хиерархија. Ограничувањето има јасна и легитимна цел, а мерката е размерна и во согласност со академските стандарди.

Имајќи го предвид горенаведеното, нема основа на покренатата Иницијатива и дека член 175 став (6) од Законот за високо образование е во согласнот со Уставот на Република Северна Македонија, поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Александар Илиевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.18/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 175 став (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Манчо Манчев од Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 4 во делот: „без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеци" од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19) и притоа го утврди следното мислење:

Законската одредба пропишана во член 9 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19) која гласи: „Лицата од ставот (1) на овој член, кои се вработуваат на постојно работно место испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кое работно место биле обезбедени финансиски средства, можат да засноваат работен однос и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца, а по претходно обезбедена согласност од градоначалникот за општинските основни училишта, односно министерот за државните основни училишта" е уставна во целост од причина што за истото вработување е запазена еднаквоста од причина што истото вработување е согласно посредување од евиденцијата на невработените лица во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во процедура пропишана согласно член 22 став (1), точка (3) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 106/14, 113/14, 20/15,

33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), која законска одредба цитирано гласи: „Работодавачот потребата од работници ја обезбедува преку посредување на службата надлежна за посредување при вработување преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица".

Истата одредба се однесува за вработување на наставници за итни и неодложни работи по одреден основ од причина што согласно одредбите од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20), воспитно образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), за што одлучува Владата на Република Северна Македонија. Од таа причина со ограничувачки рок до најмногу три месеци за итни и неодложни работи се заснова работен однос со лица преку посредување на службата надлежна за посредување при вработување преку упатување на лица за вработување од евиденцијата на невработените лица.
Можноста за вработување на определено време, најмногу до три месеци, е предвидена во случаи на смрт, боледување, пензионирање, отказ и друго, имајќи во предвид дека училиштата треба брзо да реагираат во овие случаи со цел непречено реализирање на воспитно-образовниот процес. Во текот на овие три месеци доколку работното место е трајно испразнето се објавува оглас. Ако пак вработувањето до три месеци е по основ на боледување, неплатено отсуство и друго, работниот однос на лицето кое се вработило на определено до три месеци, трае до враќање на отсутниот вработен.
Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива поднесена од Манчо Манчев од Општина Кавадарци, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.4/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на горенаведениот член од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19).

**Точка 52**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.33/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на на член 4 став 3 во делот „буџетскиот корисник од прва линија" и член 7 став 3 во деловите „втора линија буџетски корисници" и „буџетскиот корисник од прва линија" од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/15, 44/15 и 44/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно членот 4 став (3) од Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.20/15, 44/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25) за кој е поведена постапка за оценување на уставноста, укажуваме дека одредбата во член 4 ставот (3) од Законот не е со истата содржина како што е содржината на која што упатува подносителот на Иницијативата, односно во истата не постои:

„За институциите кои се втора линија буџетски корисници барањето за согласност се доставува преку надлежниот орган, односно буџетскиот корисник од прва линија.“

Согласно член 7 став (3) од горенаведениот закон:
„За институциите кои се втора линија буџетски корисници барањето за согласност се доставува преку надлежниот орган, односно буџетскиот корисник од прва линија.“

Во член 2 точка 26 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22, 59/23, 39/24, 76/24 и 272/24):

„Буџетски корисници“ се сите правни лица кои се основани од државата или општините, социјалните фондови, општините, освен Народната банка на Република Северна Македонија, јавните претпријатија и трговските друштва, непрофитни институции, основани од државата или од општините.“

Согласно образложението од поднесената Иницијатива, оспорените делови можат да доведат до правна несигурност при примена на самите одредби кое нешто не е во согласност со начелото на владеењето на правото од членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот.

Владата на Република Северна Македонија не се согласува со наведеното образложение од причина што се цени дека треба да се земат предвид одредбите од член 2 точка 26 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22, 59/23, 39/24, 76/24 и 272/24), кои ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година, согласно член 122 од горенаведениот закон.

Воедно, се укажува дека оспорените делови од Законот за трансформација во редовен работен однос, односно поимите „буџетски корисници“ и „единки корисници“ се дефинирани со одредбите од член 2 точка 1 и точка 2 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21, 87/22 и 3/25) и истите се применуваат во моментот.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија цени дека наводите во Иницијативата не се издржани, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија по однос на одредбата во член 4 ставот (3) на Законот за трансформација во редовен работен однос („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/15, 44/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25) да ја отфрли, а по однос на член 7 став (3) да не поведе постапка за оценување на уставноста, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на истата.

## Точка 53

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.162/2023 и У.бр.163/2023 од 12 февруари 2025 година за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/2023), со Издвоено мислење и го утврди следното мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, иницијативи за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/23) во целина, како и член 1 ставот

1, членот 32, член 33 ставот 3 и членот 34 од Законот, поднеле Павле Трајанов, пратеник и претседател на политичката партија „Демократски сојуз“ и Крсте Велевски од Охрид.

Уставниот суд на 12.2.2025 година донел Решение за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/23). Во точката 2 од наведеното решение, Уставниот суд определи рок од шест месеци на Собранието на Република Северна Македонија за измена и/или дополнување на Кривичниот законик во согласност со ставовите на Судот изнесени во образложеието на наведеното решение.

Во поднесената Иницијатива за поведување на постапка за оценување на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/23) во целина од подносителот Крсте Велески се наведува дека „искористувањето на правото и Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на законите и другите прописи утврдени со Уставот и Деловникот за работа на Уставниот суд, ќе биде сериозен исчекор кон владеење на правото, истовремено и „опомена" за законодавната и извршната власт во иднина да не предлагаат, односно да не донесуваат закони кои не се во согласност со Уставот и дополнително со злоупотреба на „европското знаменце“.“ Понатаму, подносителот наведува дека оспорените измени не се во согласност со членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 ставот 1, членот 32, член 33 ставот 3 и членот 34 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесена од Павле Трајанов, пратеник и претседател на политичката партија „Демократски сојуз“ се наведува дека член 1 ставот 1 во делот на: „за кривично дело извршено во состав на злосторничко здружение со кое е извршено кривично дело кое може да се изрече казна затвор од 4 години или потешка казна” е спротивен на член 8 став 1 алинејата 3 од Уставот-владеењето на правото, член 8 став 1 алинејата 6-заштита на правото на сопственост, член 9 ставот 2-„граѓаните пред уставот и законите се еднакви".

Во Иницијативата, подносителот исто така наведува дека „првенствено постапката на донесувањето на овие измени досега не е видена во светската практика“. Исто така, подносителот на Иницијативата наведува дека овие измени „се донесени „експресно” - по итна постапка за два дена со европско знаменце, а притоа без никаква јавна расправа“. Во Иницијативата се наведува и дека ваквата постапка е спротивна на член 8 став 1 алинејата 3 од Уставот на Република Северна Македонија (Владеење на правото) на член 16 ставовите 1, 2 и 3 (со кој се гарантира јавноста и транспарентноста на информирањето) на член 50 ставот 3 („Правото активно да придонесуваат за унапредувањето на човековите права и слободи“) на член 51 ставот 2 („Секој е должен да го почитува Уставот и законот, меѓу кои спаѓа и Собранието, како и сите пратеници“).

Подносителот наведува и дека, од друга страна, употребата на европското знаменце при постапката на донесувањето на овие три члена од Кривичниот законик нема никаков основ, бидејќи овие членови не претставуваат усогласување со ниту една Конвенција, ниту пак со законодавствата на европските држави. Според подносителот, од ова јасно произлегува и од содржината на образложеието за потребата на нивното донесување. Во Иницијативата е наведено и дека „од друга страна овие членови во однос на намалените казни претставуваат „амнестија“ во некои случаи и целосно застарување на делото што нема да допринесе за борбата против корупцијата, туку ќе ја зголеми негативната пракса на неказнивност на јавните функционери.“. Подносителот укажува и дека „ова истовремено претставува спротивно постапување на еден од основните принципи на криминологијата (како наука), според која при зголемувањето на бројот на определени кривични дела како што е во конкретниот случај,

казните драстично се заоструваат, а во никој случај не се намалуваат, ниту пак се „декриминализираат" кривичните дела како што е во случајот со бришење на ставот 6 од членот 353-Злоупотреба на службената положба и овластувања.“. Според подносителот, „со ова се елиминира одговорноста за криминалот во јавните набавки.“.

Во членот 32 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик се менува членот 353 од Кривичниот законик кој гласи:
(1) Службено лице кое ќе преземе службено дејствие со кое ќе ги пречекори границите на своите службени овластувања или нема да ја извршува својата службена должност со намера да прибави за себе или за друг некаква имотна корист или на друг да му нанесе штета, или потешко да ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.
(2) Ако искористувањето на службената положба или овластување, пречекорувањето на границите на службеното овластување, има влијание на незаконско зголемување на имотот на службено лице како резултат на сторување на делото од ставот (1) на овој член, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.
(3) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член со намера прибави за себе или за друг поголема имотна корист или нанесе поголема имотна штета, ќе се казни со затвор од една до четири години.
(4) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член со намера прибави за себе или за друг значителна имотна корист или нанесе значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од една до пет години.
(5) Со казната од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице на странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Северна Македонија или лице што врши работи од јавен интерес ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.
(6) Прибавената имотна корист се одзема.“.
Во членот 33 од наведениот Закон во членот 353-в од Кривичниот законик, во ставот 1 зборовите: „и со тоа ќе прибави за себе или за друг некаква корист или“ се бришат.
Ставот (2) се брише.
Во ставот (3), кој станува став (2), зборовите: „најмалку три години“ се заменуваат со зборовите: „од шест месеци до пет години“.
Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Во членот 34 од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, во членот 394 во ставот (1) зборовите: „до десет години“ се заменуваат со зборовите: „до три години“.
Во ставот (2) зборовите: „од шест месеци до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до две години.“.

Владата укажува на следното:

Согласно членот 2 од Конвенцијата за транснационалниот организиран криминал на ООН од 2000 година (Палермо конвенција), „под организирана криминална група се подразбира структурирана група од три или повеќе лица, која постои за определен временски период и дејствува заеднички со цел да изврши едно или повеќе сериозни казнени дела, или дела определени со Конвенцијата заради остварување директна или индиректна финансиска или друг вид материјална корист“.

Според Конвенцијата, како сериозни дела се третираат делата за кои е пропишана максимална затворска казна од најмалку четири години.

Понатаму, членот 3 од Конвенцијата налага обврска на државите потписнички за инкриминирање на следниве дела: согласност на едно или повеќе лица за извршување сериозно

казнено дело од која следува преземање на дело на еден од учесниците или вклучување во организирана криминална група; учество во активноста на организирана криминална група; организирање, насочување, поттикнување, олеснување или советување во извршување на сериозни казнени дела со вклученост на организирана криминална група.
Конвенцијата од Палермо е потпишана и ратификувана и од страна на Република Македонија (Република Македонија ја има потпишано на 12 декември 2000 година, а ја има ратификувано на 12 јануари 2005 година)

Организирањето на злосторничко здружение, е инкриминирано во членот 394 од Кривичниот законик како самостојно дело (delictum sui generis). Тежиштето на неправото кај ова кривично дело паѓа на самото создавање на злосторничко здружение како опасна подготвителна форма за вршење тешки дела, на мобилизирањето на криминалниот потенцијал на повеќемина и со тоа зголемувањето на шансите за успешна криминална активност. Притоа, извршувањето некое конкретно дело не го исцрпува таквиот криминален потенцијал. Тој останува и понатаму и од него продолжува да опстојува опасноста за вршење други дела. Поради тоа, како што наведовме ова дело има карактер на самостојно дело.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, во кој се намалуваат казните во членот 394, јасно се прекршува Палермо конвенцијата, која ја имаме потпишано и ратификувано.

Согласно оспорените измени и дополнувања, за организаторот на злосторничкото здружение, претходно пропишаната казна затвор од една до десет години, е заменета со казна затвор од една до три години. За припадниците на групата, претходно пропишаната казна затвор од шест месеци до пет години е заменета со казна затвор од максимум две години. За ваков вид кривични дела кои спаѓаат во сериозни дела според Палермо конвенцијата е предвидена обврска за државите да се пропише максимална казна затвор од најмалку четири години.

Владата истакнува дека законодавецот мора да го третира и самото злосторничко здружување како облик на сериозен криминал, бидејќи и од научен и од практичен аспект е нужен елемент на поимот организиран криминал. Следствено на наведеното, без ова дело не може ни да се извршат делата на сериозен криминал во вид на организиран криминал.

Оттука, пропишувањето на казни надвор од она што самата Конвенција го става како рамка за организиран криминал е спротивно на Уставот и Конвенцијата. Имено, максималната казна согласно Конвенцијата треба да биде најмалку четири години, а со измените таа е намалена на три години, односно пропишаната казна за став 1 е казна затвор од една до три години.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека е повреден и членот 118 од Уставот на Република Северна Македонија, каде што е пропишано дека „Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.“ Имено, пред ратификацијата на Палермо Конвенцијата во 2000 година, беше направена опсежна предратификациона анализа врз основа на која Кривичниот законик беше усогласен со одредбите на наведената Конвенција. Со оспорениот член 394 од постојниот Кривичниот законик сериозно се доведува во прашање неговата усогласеност со Палермо Конвенцијата. Што се однесува до оспорениот Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, се истакнува дека не е испочитувана постапката во фазата на изготвувањето и донесувањето на наведениот закон воопшто.

Имено, согласно меѓународните стандарди (точка 29 од Мислењето бр.3 на Консултативниот совет на Европски судии во рамките на Советот на Европа), обврска на националните власти е

при донесувањето на законите во областа на судството, задолжително да бидат консултирани судиите.

При донесувањето на оспорениот Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, тоа воопшто не е направено. Имено, до судовите на мислење е доставена верзија на Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик која не соодветствува со верзијата на Предлогот на законот што е доставена до Владата за усвојување и донесена од Собранието. Така, во Предлогот што е доставен до судовите на мислење не се содржани трите клучни и оспорени одредби од членовите 353 - Злоупотреба на службената положба и овластување, Несовесно работење во службата 353-в и Злосторничко здружување - Член 394.

Дополнително, во доставеното мислење до судовите е наведен рок до 20.9.2023 година за доставување на мислења до Министерството за правда, а текстот на Предлогот на законот е доставен во Владина процедура на 29.8.2023 година, односно пред да истече рокот за доставување на мислења, со што, на клучните институции за спроведување на овој законик воопшто не им е дадена можност да се произнесат за него.

Исто така, се истакнува дека не е испочитувана постапката за проценка на влијанието на регулативата со објавување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик на ЕНЕР во период пократок од пропишаниот. Имено, во објавената верзија на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик не се содржани оспорените три члена, со што на јавноста и е ускратена можноста за давање на коментари и забелешки за нив. Покрај наведеното, Владата укажува дека во Кореспондентите табели и во Изјавата за усогласеност не се содржани информации за усогласување на оспорените три члена од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик со релевантните меѓународни документи. Со тоа се повредени одредбите од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија (член 8 став 1 точка 7, член 20 став 5, член 68 став 1, член 68-а и членот 73) и Методологијата за проценка на влијанието на регулативата.

Неспорно е дека дискреционо право на законодавецот е да ја креира казнената политика во пропишувањето на казните за кривичните дела. Меѓутоа, при донесувањето на законите законодавецот е обврзан, меѓу другото, да се движи во рамките на меѓународните стандарди од конкретната област. Исто така, државните органи се обврзани да ја почитуваат постапката за изготвување и донесување на законите.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека со сите наведени повреди е прекршено начелото на „владеење на правото“ што преставува една од темелните вредности на уставниот поредок, утврдени во членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија.
Во однос на одредбите од донесениот Закон кои се однесуваат на еколошките кривични дела, безобзирно управување со моторно возило, проширената конфискација и одредбата за одложната примена на одредени одредби од Законот, Владата истакнува дека истите не се во спротивност со одредбите од Уставот.

Во однос на преодната одредба за одложна примена на одредени одредби од Законот, Владата смета дека таа е неопходна заради усогласување на одредени други закони со новините содржани во оспорениот закон кои се однесуваат на еколошките кривични дела, безобзирно управување со моторно возило.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија го известува Уставниот суд дека Министерството за правда со Решение бр. 21-155/1 од 16.1.2025 година има формирано Работна група за изготвување Предлог на закон за изменување и дополнување на

Кривичниот законик во делот на оспорените одредби од Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/23) и дека во најкраток можен рок Работната група ќе ги финализира законските решенија, согласно ставовите на Уставниот суд од Решението за поведување постапка за оценување на уставноста, по што Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик ќе биде доставен во владина процедура.

**Точка 54**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.137/2017 од 25 септември 2024 година за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 176, 177 и 178 од Законот за електронските комуникации и го утврди следното мислење:

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/24), со кое се поведува постапка за оценување на уставноста на членовите 176, 177 и 178 од Законот за електронските комуникации и се отфрла Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 175 од Законот за електронските комуникации. Воедно и се определува рок од шест месеци на Собранието на Република Северна Македонија за измена и/или дополнување на Законот за електронските комуникации, а согласно со изнесените ставовите на Уставниот суд.

Се укажува дека со Законот за електронските комуникации кој е донесен 2014 година (основен текст), се врши усогласување со законодавството на Европската Унија во доменот на електронските комуникации, особено со: Директива 2009/140/ЕС (“The Better Regulation Directive“ ) со која се врши измени и дополнување на: Framework Directive (2002/21/EC), Access Directive (2002/19/EC ), Authorisation Directive (2002/20/EC); Директива 2009/136/ЕС (“The Citizens Rights Directive“), со која се врши измени и дополнување на Universal Service Directive (2002/22/EC ) и ePrivacy Directive (2002/58/EC); Директива 2006/24/ЕС за задржување на податоци, како и со останати правни акти на европското законодавство во доменот на електронските комуникации.

Во врска со ставовите на Уставниот суд изнесени во образложението како составен дел од Решението, при постапувањето од наша страна, детално ќе бидат разгледани особено оние делови во кои се цитираат законите кои се на некој начин поврзани со проблематиката од членови 176, 177 и 178 од Законот за електронските комуникации. Пред се се мисли на Законот за кривична постапка, Законот за следење на комуникациите, Законот за заштита на личните податоци, како и се она што е наведено во Решението и Образложението на решението на Уставниот суд.

Се работи на изработка на законски решенија утврдени како активности во Реформската агенда 2024-2027, во која е утврдено донесување на нов Закон за електронски комуникации, усогласување на националното законодавство со релевантното законодавство на Европската Унија за да се усогласи со правото на Европската Унија и Законот за гигабитна инфраструктура, по влегување во сила во Европската Унија.

Согласно Реформската агенда истиот е потребно да биде донесен во јуни 2025 година, со европско знаме и со фуснота за транспонирање на Директивата (ЕУ) бр.2018/1972 за донесување на Европскиот законик за електронските комуникации и Регулативата (ЕУ) бр.2024/1309 за донесување на Законот за гигабитна инфраструктура.

Во изминатиот период се одржани координативни состаноци со Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Агенцијата за национална безбедност и Оперативно техничката агенција.

При изработката на законското решение се имаше предвид и Решението на Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста на членовите 176, 177 и 178 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19 и 92/21) У.бр.137/2017 од 25 септември 2024 година како и Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија и ќе го запази рокот предвиден во истото, односно 25 март 2025 година.

Исто така на 6 мај 2025 година, е започната владината постапка за донесување на нов Закон за електронските комуникации(*), во кој се инкорпорирани предлози за изменување и дополнување на оспорените членови согласно Решението на Уставниот суд.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александра Петровска Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.268 за КО Кравари, на КП бр.405/1, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симон Зафироски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.196935, за КО Драчево 2, на КП бр.10062/1, викано место/улица „Речиште“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 57**

1. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик директор на Агенцијата за лекови и медицински средства.

2. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Дирекцијата за радијациона сигурност.

3. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот управен инспекторат.

4. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат

најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директорот на Казнено поправната установа Затвор Битола.

5. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Управата за животна средина.

6. Владата го разреши Фатмир Салиу од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница – Тетово, поради судир на интереси.

7. Владата го разреши Вене Тасев од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, на негово барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

8. Владата ја именува Ирина Петровска за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, од редот на корисниците, предложен од Советот на корисници.

9. Владата ја именува Лидија Момироска Ивческа за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Охрид.

10. Владата го именува Иванчо Тошевски за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк – Пелистер Битола, досегашен вршител на должноста директор на установата.

11. Владата ја разреши Слаѓана Иваноска од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

12. Владата го именува Бојан Богоески за член на Националниот совет за медијација.

13. Владата ја именува Голаба Тентов за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија.

14. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ за деца – Детско одморалиште „Илинден“ – Гостивар, ги разреши: претставници на основачот - Кристијан Дојчиноски - Дамјан Костоски - Андријана Аврамоска - Јулијана Јовановска претставник од редот на вработените во установата - Сами Алија претставник на родителите - Снежана Милошеска.

14.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ за деца – Детско одморалиште „Илинден“ - Гостивар, ги именува: претставници на основачот - Сами Алија - Зоран Стефаноски - Владица Максимоски - Мухамет Исеини.

15. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил", ги разреши: претставници на основачот - Ивица Јевтиќ - Александра Стефановска од редот на стручните работници во установата - Марија Крстевска - Верица Динова.

16. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил", ги именува: претставници на основачот - Хиљал Мемедовска- Дарлишта - Радица Стојковска од редот на стручните работници во установата - Мујо Машовиќ - Ленче Атанасова.

17. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Детски дом „11 Октомври“, ги разреши: претставници на основачот - Марина Анчевска - Магдалена Симоновска од редот на стручните работници во установата - Ирена Алексовска - Лилјана Јованова од редот на корисниците предложен од Советот на корисници - Теа Марошевиќ Марковска.
17.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Детски дом „11 Октомври“, ги именува: претставници на основачот - Висар Сопај - Елизабета Павчевиќ Петковска од редот на стручните работници во установата - Елена Несторовска - Драгана Димковска.

18. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Специјален завод- Демир Капија, ги разреши: претставници на основачот - Соња Петровски - Анка Милкова Катарова од редот на стручните работници во установата - Александар Јанев - Даниела Илова.

18.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Специјален завод- Демир Капија, ги именува: претставници на основачот - Зорица Мурева - Петар Мојсов од редот на стручните работници во установата - Марија Колева.

19. Владата од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка, ја разреши Даниела Стојмировска, на нејзино барање.

19.1 Владата за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка- стручен работник од центарот за социјална работа, ја именува Марија Трајковска Стефановска.

20. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола, ги разреши: претставници на основачот - Вера Гогу - Тања Николовска од редот на стручните работници во установата - Виолета Масалковска - Елизабета Трајковска од редот на корисниците предложен од Советот на корисници - Игор Брајановски.

20.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Дом за доенчиња и мали деца – Битола, ги именува: претставници на основачот - Елена Вељаноска - Дарко Тодоровски од редот на стручните работници во установата - Биљана Атанасова - Ангелина Ендековска Павлевска.

21. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ за згрижување деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение, ги разреши: претставници на основачот - Владимир Ристовиќ - Елена Димова Анчевска од редот на стручните работници во установата - Татјана Настовска, поради истек на мандат - Факете Фетаху од редот на корисниците предложен од Советот на корисници - Сузана Гркова, поради истек на мандат.

21.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ за згрижување деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение, ги именува: претставници на основачот - Јетмир Ајрулаху - Тања Стошиќ од редот на стручните работници во установата - Бесим Адеми - Татјана Настовска.

22. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, ги разреши: претставници на основачот - Билјана Ефтимова- Јовева - Слаџана Пандева од редот на стручните работници во установата - Габриела Горгиева - Евгенија Гогова од редот на корисниците предложен од Советот на корисници - Дарко Неделковиќ.

22.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско, ги именува: претставници на основачот - Марија Настева Џекова - Кристина Поцкова од редот на стручните работници во установата - Даница Младенова - Евгенија Гогова од редот на корисниците предложен од Советот на корисници - Дарко Неделковиќ.

23. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје, ги разреши: претставници на основачот - Сашо Митев - Драгана Стефановска од редот на стручните работници во установата - Мишо Божиновски - Ивица Ѓоргиевски од редот на корисниците предложен од Советот на корисници - Марјан Соловски.

23.1 Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје, ги именува: претставници на основачот - Фарук Јашари - Николина Стојанова од редот на стручните работници во установата - Џејлан Исмаили - Анета Стефановска.

## Точка 58

**1.** Владата го разгледа и прифати Известувањето од Државниот завод за статистика, со кое ја известува Владата дека не постои пречка во работата на Координативниот комитет за координирање на државната статистика да учествуваат и претставници од Министерството за дигитална трансформација и Министерството за социјална политика, демографија и млади, на покана на директорот на Државниот завод за статистика, имајќи предвид дека тие се многу значајни институции кои обезбедуваат информации за потребите на Државниот завод за статистика, а во функција на статистички податоци.

## Точка 59

Владата го разгледа Годишниот извештај на Државниот управен инспекторат за спроведени инспекциски надзори над спроведувањето на одредбите од Законот за административни службеници, како и на прописите донесени врз основа на Законот во 2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за полугодишен извештај за реализација на годишните планови за вработување за 2024 година за период јули – декември 2024 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор, како материјал за информирање.

## Точка 61

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата за здравствена состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

## Точка 63

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за периодот од 1 април 2024 година до 30 јуни, со дополнување, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид негативното мислење на Министерството за финансии.

**Точка 64**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за периодот од 1 јули 2024 година до 30 септември 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид негативното мислење на Министерството за финансии.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за периодот од 1 јули 2024 година до 31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Извештајот со финансиски показатели за реализација на Програмата за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со задолжението од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2024 година, за разгледување на опции за изнаоѓање на оптимално решение за избор на варијанта за изведба на Делница 2: Гостивар – Букојчани и ја усвои со следните заклучоци:

1. Да се почитуваат одредбите од Договорот за изградба на Коридор 8: Автопатска делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Требеништа - Струга – Ќафасан и Коридор 10 д: Автопатска делница Прилеп – Битола, односно изградбата на автопатот да биде согласно договорната документација.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со изведувачот "BECHTEL ENKA", да направи анализа од аспект на животната средина и биодиверзитетот, како и техничко-економска анализа за вредноста за изградба на трасата на Делница 2: Гостивар-Букојчани, согласно трасата од Договорот за изградба на Коридор 8: Автопатска делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Требеништа - Струга – Ќафасан и Коридор 10 д: Автопатска делница Прилеп – Битола (со точност од ± 25 %), согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, по направената техничко-економска анализа, да достави до Владата на Република Северна Македонија -информација со компаративна анализа за трите анализирани варијантни решенија за изведба на Делница 2: Гостивар – Букојчани.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата од Претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за постапување по заклучок на Владата на Република Северна Македонија за избор на меѓународна адвокатска канцеларија со експертиза во услуги за правна поддршка при имплементација на договори склучени согласно со FIDIC условите (ФИДИК договори) и меѓународна арбитража, вклучувајќи ICC комерцијална арбитража и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа и го прифати предлогот за избор на меѓународна адвокатска канцеларија со експертиза во услуги за правна поддршка при имплементација на договори склучени согласно со FIDIC условите (ФИДИК договори) и меѓународна арбитража, вклучувајќи ICC комерцијална арбитража и тоа за адвокатската куќа Fenwick Elliot LLP.

2. Се задолжува Претседавачот на координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезни од меѓународните договори, во рок од три дена да ја извести избраната адвокатска куќа Fenwick Elliot LLP.

3. Се овластува Претседавачот на координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезни од меѓународните договори да ги потпише сите правни исправи потребни за застапување и за тоа веднаш во најскоро време повторно да ја извести Владата.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмски документ за Република Северна Македонија на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) (2026-2030), со Програмски документ за Република Северна Македонија (2026-2030), како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на централизирана набавка на системи за напредна заштита и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да отпочне постапка за централизирана набавка на системи за напредна заштита, согласно член 61 став 7 и став 8 од Законот за јавни набавки.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди средствата планирани за 2026, 2027 и 2028 година, а Генералниот секретаријат на Владата да ги прикаже соодветно во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за избор на печатени медиуми кои ги исполнуваат условите од Законот за медиуми за добивање финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми и Извештај за спроведена постапка за избор на печатени медиуми корисници на финансиска поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми за 2025 година, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за избор на печатени медиуми кои ги исполнуваат условите за добивање финансиска поддршка за 2025 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Го овласти Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише договорите со избраните печатени медиуми за добивање на финансиската поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми за 2025 година.

**Точка 72**

Владата го разгледа и го прифати текстот на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Burstock Ltd.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:40 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски
Проверил: Никола Пасков

Контролирал: Стојанчо Радичевски
Согласен: Снежана М. Пендовски